


# Милошоски: Дополнувањата на Статутот на ВМРО-ДПМНЕ претставуваат модернизација и заслужуваат да бидат поздравени

Дополнувањата на Статутот на ВМРО ДПМНЕ од страна на Централниот комитет претставуваат негова модернизација и заслужуваат да бидат поздравени, истакнува Антонијо Милошоски.

Тој ги потенцира четирите најголеми придовки од усвоената промена на Статутот.

**– Значаен чекор напред во непосредната внатрепартиска демократија е воведувањето на непосреден избор од страна на членството на идните кандидати за општински советници, и идните кандидати за градоначалници. Минатиот труд, личниот углед, довербата кај членството и капацитетот на кандидатот да се носи со обврските на овие позиции ќе добијат на тежина.**

**– Ограничувањето на мандатите на Претседателот на партијата и претседателите на ОК е нов значаен исчекор, со кој за прв пат актуелното раководство на ВМРО-ДПМНЕ става до знаење дека долговечноста на партиската функцијата не е цел сама за себе, туку дека партијата има доволно ресурси за редовно освежување на кадровските поставии. Ваквиот циклус ќе внесува нова внатрепартиска динамика и кадровски натпревар, што ќе биде значајна демократска алатка за мотивација на**

**активните членови.**

**– бидејќи овие две тела се очекува да го зголемат опсегот на делување во рамките на своите целни групи и од истите да се добиваат корисни идеи, проекти и совети.**

**– И за крај, во рамките на секоја партија или држава, сосема доволна чест, обврска и престиж е некој да биде претседател на партијата, на државата, на владата, градоначалник или министер, па затоа титуларните функции „почесен претседател, почесен градоначалник, почесен премиер“ и слично, немаат некоја суштинска кадровска улога и подобро е за секого честа да си ја задржи кај членството и граѓаните, наместо истата да биде врамена во плакета –** пишува Милошоски**.**

https://lider.com.mk/makedonija/miloshoski-dopolnuvanjata-na-statutot-na-vmro-dpmne-pretstavuvaat-negova-modernizacija-i-zasluzuvaat-da-bidat-pozdraveni/